## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА ОБЛАСТА ВИДОВИ НА ИНСТРУМЕНТИ - САКСОФОН И ЏЕЗ АНСАМБЛ НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука од 16.12.2015 година донесена на 13. седница на Наставно-научниот уметнички совет на Музичка академија, одржана на 16.12.2015 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на насловен доцент за наставно-научната и уметничка област *видови на инструменти – саксофон и џез ансамбл* на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

– м-р Георги Мицанов, вонреден професор на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна и уметничка област видови на инструменти - саксофон, претседател;
– м-р Сашо Поповски, доцент на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна и уметничка област видови на инструменти – џез гитара, член;
– м-р Антонијо Китановски, вонреден професор на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, наставно-научна и уметничка област џез композиција, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 4.12.2015 година и во предвидениот рок се пријави само кандидатот м-р Кирил Кузманов.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот уметнички совет на Музичка академија да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Кирил Кузманов** завршува во ОУ „Гоце Делчев“ во Штип 1993/1994 - 2000/2001 год. и Основно музичко училиште во Штип (отсек Флејта, класа на проф. Миле Серафимов) 1995/1996- 2000/2001 год. Средно музичко училиште завршува во Штип (отсек Саксофон, класа на проф. Гоце Мицанов) 2001/2002 - 2004/2005 год. Дипломира на Универзитетот за музичка и драмска уметност „Kunst Univesitat Graz“ во Австрија (отсек Џез саксофон, класа на проф. Карлхајнц Миклин) со просек 9,2 (2005/2006 - 2009/2010 година).

Постдипломски (магистерски) студии завршува на Универзитетот за музичка и драмска уметност „Kunst Univesitat Graz“ во Австрија (отсек Џез саксофон, класа на проф. Карлхајнц Миклин) со просек 9,6 (2010/2011 и 2011/2012 година).

Тема на магистерскиот труд - *The Music of Dick Oatts*

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент од областа на музичката уметност за стручно-уметничките предмети***

– Диплома за завршено соодветно високо образование од втор степен музички уметности на „Kunst Univesitat Graz“ во Грац, Австрија (отсек Џез саксофон).
– Изведба на пет целовечерни концерти во земјава и во странство.
– Покажува способност за изведување на различни видови настава.

| Бр. | Автор - изведувач | Вид на музичка активност | Наслов на музичка активност | Место и датум на музичка активност |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Кирил Кузманов | Целовечерен концерт | *Сараево Џез фест* | Сараево, 3.11.2015 г. |
| 2 | Кирил Кузманов | Целовечерен концерт | Кафе Летерарио ле мурате | Фиренца, 17.7.2015 г. |
| 3 | Кирил Кузманов | Целовечерен концерт | Загреб џез оркестар | Загреб, 9.3.2015 г. |
| 4 | Кирил Кузманов | Целовечерен концерт | Бит фест | Битола, 11.8.2015 г. |
| 5 | Кирил Кузманов | Целовечерен концерт | Бит фест | Битола, 18.8.2014 г. |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност и стручно-уметничка активност***

Кандидатот како реномиран уметник на интерниционалната сцена од 2013 год. е ангажиран како стручњак од пракса при изведба на настава и вежби по уметничките области/предмети Џез саксофон и Џез ансамбл.

Кандидатот покажува високо стручно ниво во реализацијата на наставата, се стреми кон применување на нови инвентивни методи кои се темелат на досегашното стручно и уметничко искуство.

- Концерт на Скопско лето 2015, Скопје, ЦСПС Џез ансамбл, 29.7.2015 г.
- Концерт на Астибо џез фестивал, Штип, Маџиров бенд, 3.6.2011 г.
- Концерт на Астибо џез фестивал, Штип, Гоце Стефковски септет, 7.6.2013 г.
- Концерт на Бит фест 2015, Битола, Сашо Поповски трио, 11.8.2015 г.
- Концерт на Бит фест 2014, Битола, Тони Китановски биг бенд, 18.8.2014 г.
- Концерт на Сараево џез фест 2014, Сараево, Џез герила – Кирил Кузманов, 3.11.2014 г.
- Концерт на Кафе летерарио ле мурате – Фиренца 2015, Стефковски Кузманов Дзијан трио, 17.7.2015 г.
- Концерт на Загреб џез оркестар, Загреб, 2015, Џим Ротонди електрик бенд, 9.3.2015 г.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатот како активен музичар снимил неколку авторски ЦД, ако и ЦД во соработка со познати артисти и џез формации.

- ЦД Сеир, Влатко Стефановски, Скопје, 2013 г, Р. Македонија.
- ЦД Даниел Гарсија квартет, Франкфурт, 2011 г. Германија.
- ЦД Јим Ротонди квинтет, Грац, 2011 г. Австрија.
- ЦД Ла Черга секстет, Грац 2008 г. Австрија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование на Р. Македонија и Правилникот за критериуми и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, Рецензентската комисија го донесе следниов заклучок и предлог:

Врз основа на доставената документација и целокупната наведена активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека м-р Кирил Кузманов ги исполнува сите предвидени услови за избор во насловно звање доцент по наставно-научната и уметничка област *видови на инструменти - саксофон и џез ансамбл* на Музичката академија, наведени во Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Кандидатот преку остварените досегашни активности покажа способности за извршување наставно-образовната функција, за стручно-уметничка активност (концертирање) и за организациско-развојните дејности на Универзитетот „Гоце Делчев".

Задоволство ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот и уметнички совет усвојување на нашиот заклучок и **кандидатот м-р Кирил Кузманов да ја избере во насловно звање доцент за наставно-научните и уметнички области *видови на инструменти - саксофон и џез ансамбл* на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Георги Мицанов, вонреден професор, претседател, с.р.**
**М-р Сашо Поповски, доцент, член, с.р.**
**М-р Антонијо Китановски, вонреден професор, член, с.р.**

**Т А Б Е Л А**
**НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | **ВКУПНО** | | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба (во земјава ред. бр. 1 - 5 во странство ред. бр. 6 - 8). | 5 | 3 | 3 | 6 | 33 |
| 11 | Одбранет магистерски труд | | | 1 | 4 | 4 |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | 37 |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1 | Книга - ЦД (во земјава ред. бр. 1 во странство ред. бр. 2 - 4) | 1 | 10 | 3 | 15 | 55 |
| | **ВКУПНО** | | | | | 55 |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | 92 |